

***Во Егејска Македонија, откако Германците се сместиле таму, животот за македонскиот народ зел една непријатна нормалност. Грчката полиција, која го поддржувала режимот на Метаксас пред окупацијата, сега соработувала со германската војска и повторно станала активна во Македонија.***

За да им се спротивстават на оваа угнетувачка тактика, старите комити (Илинденската револуционерна гарда) повторно се вооружиле и се вратиле во активна служба. “Сениорите” биле разгневени од грчките угнетувачки закони и повторно биле поттикнати на акција од бугарската пропаганда, осудувајќи ја грчката угнетувачка тактика.

Бугарите биле свесни за неповолните услови кои грчката влада ги создала во Македонија и ја искористиле можноста да ги вознемируваат Грците. Акциите на комитите биле ограничени во најдобар случај и биле ограничени на италијанските зони, бидејќи Германците не толерирале вооружени акции во нивните зони.

Партизанското движење во Југославија било поорганизирано и попрогресивно отколку она во Грција. Предовдени од Тито, комунистичките партизани во Југославија организирале борба за национално ослободување во која Македонците, предводени од генерал Темпо, се бореле на рамна нога.

Македонците формирале свои одреди на отпорот дури и пред тие да бидат признати и прифатени од Тито. Антифашистичката борба за национално ослободување во Република Македонија започнала на 11 октомври 1941 година. Единаесетти октомври е “Втор Илинден” за македонскиот народ. Од 1941 година овој ден се слави како Ден на востанието на македонскиот народ.

Со своите акции, лојалност и патриотизам, македонскиот народ си го заслужил своето место во светот. Со тегобен живот, решителност и пролевање на својата крв, македонскиот народ ја покажал својата желба за слобода и спремноста сами да владеат со себе. Големите сили во 1829 година (со Лондонскиот протокол) ги задоволиле Грците со тоа што направиле Грција да стане држава.

Слично во 1878 година (со Берлинскиот конгрес) Русија ги ослободила Бугарите, правејќи ја Бугарија држава. Но, за разлика од Грците и Бугарите, храбриот народ на Вардарска Македонија морал самиот да војува и да војува за себе, за да го заслужи своето место во светот меѓу слободните нации.



*Фреска од Борко Лазески*

За само една година, вардарските Македонци издржале доволно бугарско предавство за цел живот. Тогаш, во април 1942 година, тие се дигнале и го покажале своето незадоволство. Македонските партизани се кренале на оружје против бугарската војска, но биле масакрирани во една крвава битка. Тогаш, невооружените Македонци излегле на улиците за да протестираат поради масакрот, но и тие биле измасакрирани.

За да одбегнат прогонство, дел од македонските партизански одреди, кои биле во состав на југословенските, побегнале во Егејска Македонија. Некои навлегле во италијанските зони во близина на селото Бесфина, а останатите продреле во германските зони во регионот околу селото Света Петка и брзо преминале во илегала.

Силите на Бесфина, пред да имаат некаква можност да стапат во контакт со локалното население, биле откриени од комитите кои брзо стапиле во акција. Кога виделе униформирани луѓе на ридовите на Бесфина, старите комити се уплашиле. Мислејќи дека тоа се инвазиски сили на грчката полиција (андари), комитите се обратиле до локалниот италијански гарнизон каде им било дадено оружје и дозвола да нападнат.

Кога комититите тргнале во напад, партизаните отстапиле и испратиле претставници да преговараат. Тие оделе од село во село и разговарале со локалните раководни лица. Туѓинците носеле убави униформи и се однесувале сериозно, со шарм и харизма. Зборувале надолго и убаво за ослободувањето, за слободата и предавството на бугарските фашисти.

Кога комитите откриле дека униформираните мажи се Македонци, ги прифатиле со ширум раширени раце, им го дале (предале) оружјето и многу од нив доброволно и се придружиле на нивната кауза. Партизаните од Света Петка, поради германското присуство, морале да дејствуваат во тајност, но и тие успеале да регрутираат доброволци од локалното население.

По навлегувањето на партизаните, македонскиот народ на Егејска Македонија дознал

за бугарските злосторства и престанал да и веруваат на бугарската пропаганда. Старата илинденска гарда била демобилизирана и заменета со партизанско движење.

Партизанските организатори презеле вонредни мерки да му објаснат на македонскиот народ дека тие се борат за ослободување и за слобода на македонскиот народ од тиранијата на угнетувачките држави. Македонското инволвирање во оваа војна, а подоцна и во Грчката граѓанска војна, не било за “комунистичката идеологија”, ниту, пак, за сојузништва или, пак, за обврзувања кон големите сили. Тоа, едноставно, била наредна фаза во долгата борба за “ослободување од угнетување” и за исполнување на желбата за слобода, повторно соединување и самоуправа.

Македонскиот придонес во борбата против фашизмот не само што не е нагласен, туку е и погрешно интерпретиран од историчарите. Уште еднаш ќе нагласиме дека македонскиот народ, во текот на Втората светска војна, се придружил кон демократската страна и се борел против фашизмот за ослободување на државите во кои тој живеел.

Македонскиот народ, како и другите народи на Балканот, се борел да ја ослободи својата татковина, заслужувајќи си го на тој начин своето место во светот. Ова не може да се игнорира и мора да биде признато и забележано во аналите на историјата.

Веста за движењето на македонските партизани во Егејска Македонија се ширела брзо како оган. Луѓето излегувале на улиците и слободно зборувале на својот мајчин македонски јазик, пееле песни и пишувале драми и поезија на македонски. Партизаните дури формирале и македонски училишта и ги учеле децата да пеат патриотски песни и поеми, им предавале за македонската историја, зборувајќи на локалните македонски дијалекти.

Помладите генерации за првпат виделе зборови напишани на нивниот сакан, свет македонски јазик. Новооткриената слобода донела среќа во животот на угнетениот македонски народ кој ги пречекал партизаните во нивните села како “нашите момчиња и девојки”. Новооткриената самодоверба и сила кои Македонците ги искажувале, ги преставиле Грците, особено андардите и нивните соработници. Извесно време, тие веќе не претставувале закана.



[illegible]



**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**